ТЕЛМА






# Реакција на ЗНМ за нападот на екипата на ТВ24: Бараме брза и ефикасна истрага од МВР и санкционирање на сторителот

14.11.2022 18:08



Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) реагира за денешниот напад врз новинарската екипа на ТВ24 и од Министерството за внатрешни работи (МВР) да спроведе брза и ефикасна истрага.

„Додека снимавме инсерти на ул. Пржино, куќа 28/б, во која, според избирачки список, живее Олександр Онишченко, сопственикот на куќата, извесен Миле, физички ме нападна, откако упати пцости и погрдни зборови кон мене. Лицето замавнувајќи со лактот ме удри во пределот на главата и вратот “, изјави Игнатов, се наведува во соопштението на ЗНМ.

Случајот бил пријавен во МВР од кое се бара да спроведе брза и ефикасна истрага во интерес на пронаоѓање и санкционирање на напаѓачот.

ЗНМ веднаш контактираше и со Скопското јавно обвинителство со обвинителката Искра Хаџи Василева, која е назначена за предмети поврзани со напади врз медиумски работници, за натамошно процесирање на случајот.

ЗНМ порачува дека ќе ја следи истрагата и ќе инсистира на одговорност на лицето кое физички го нападнал колегата снимател Игнатов и го спречил физички да ја изврши својата работа.

Потенцираме, нагласуваат од ЗНМ, дека заканите по живот се кривични дела предвидени во Кривичниот законик, а МВР и ОЈО треба итно да ги истражат и процесираат, со цел да ги казнат оние кои го прекршуваат законот но и да превенираат евентуални вакви кривични дела во иднина.

© 2020 Телевизија Телма. Сите права се задржани. Овој текст не смее да се печати или емитува, во целина или во делови, без договор со Телевизиј Телма.